# Повик за утврдување на референтна листа на експерти

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – втора фаза (Empowering Municipal Councils – Phase 2)", финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП. Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од ангажирање на **експерти Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти;** како и **експерти Тип Б – поранешни општински советници**, по области/модули:

- **Модул 1: Општинско добро управување (Municipal good governance);**
  - Еден експерт Тип А;
- **Модул 2: Борба против корупција (Fighting corruption);**
  - Еден експерт Тип А;

  **Еден експерт Тип Б ќе биде ангажиран за Модул 1 и за Модул 2.**

- **Модул 3: Подготовка на општински буџети, усвојување и извршување (Municipal budget preparation, adoption and execution);**
  - Еден експерт Тип А;
  - Еден експерт Тип Б;

- **Модул 4: Управување со обврски (и долгови), набавки и приходи (Management of liabilities (and incurring debt), procurement and revenues);**
  - Еден експерти Тип А, за: областа **Управување со обврски (и долгови)**; и за областа **Приходи**;
  - Еден експерт Тип А за областа: **Набавки**;
  - Еден експерт Тип Б (за сите три наведени области);

- **Модул 5: Финансиски извештаи во ЕЛС и нивна анализа (Financial reports of the local self-government units and their analysis)**
  - Еден експерт Тип А;
  - Еден експерт Тип Б;

- **Модул 6: Финансиска контрола и ревизија (Financial control and audit)**
  - Еден експерт Тип А;
  - Еден експерт Тип Б;

- **Модул 7: Просторно и урбанистичко планирање (Spatial and urban planning)**
  - Еден експерт Тип А;
  - Еден експерт Тип Б;

- **Модул 8: Родова рамноправност (Gender equality)***
  - Експертизата (експертите Тип А) за Модул 8 ќе биде обезбедена од UNDP и од UNWOMEN

- **Модул 9: Меѓуетнички односи (Inter-ethnic relations)**
  - Еден експерт Тип А;

**Еден експерт Тип Б ќе биде ангажиран за Модул 8 и за Модул 9.**

- Модул 10: Меѓуопштинска соработка (Inter-municipal cooperation)
    - Еден експерт Тип А;

- Модул 11: Зазеленување, испорака на комунални услуги, менаџирање со кризи и градење на отпорност (Green recovery, delivery of communal services, crisis management and resilience building).
    - Еден експерт Тип А;

**Еден експерт Тип Б ќе биде ангажиран за Модул 10 и за Модул 11.**

Ангажманот на сите експерти ќе биде во согласност со критериумите објавени на веб страната на ЗФР: https://zfr.org.mk/

**Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и во институциите кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република С. Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.**

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на модулот за кој аплицирате и Вашата ажурирана биографија со фотографија не подоцна од 16.00 часот во понеделник 12 септември 2022 год. на следнава е-маил адреса: zfr.veles@gmail.com